РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-1504/2
од 25.04.2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРОЈКРСТИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат го опфаќа селото Тројкрсти, на подрачјето на КО Тројкрсти во Општина Прилеп.

Село Тројкрсти е рамничарско ридско село на надморска висина од 690.00мнв до 630.00 мнв во општина Прилеп, кое се наоѓа во североисточниот дел на Пелагонискиот регион. Селото Тројкрсти КО Тројкрсти се наоѓа југозападно од градот Прилеп опкружено со атарите на селата: Чепигово од север и северозапад, Загорани од исток, Тополчани од југоисток и југ, Новоселани од југозапад и запад. Селото Тројкрсти во атарот на КО Тројкрсти е опкружено со месноста Наумиште од север, месноста Пресека од и југоисток и Селиште од југозапад и запад.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Тројкрсти со разработка на блок 3, Општина Прилеп се дефинирани со Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 1503/2019 , од 31.10.2019, е дефиниран со следните граници:

- на север границата се движи по северната граница на КП331, продолжува по северната и источната граница на КП598, продолжува по северната граница на КП 302/2,минува низ КП 302/1, продолжува по северната и источната граница на КП301, северната граница на КП 291, КП 295, ја сече КП 594/1, КП 472, КП 473, поминува по северната граница на КП 274, КП 273, КП 272. минува низ КП 270, КП 255, и продолува по северозападната граница на КП 227 и КП 226 КО Тројкрсти, Општина Прилеп.
- на исток продолжува по источната граница на КП 226, по северната и источната граница на КП 219, продолжува по југо источната граница на КП 597, по северната, источната и јужната граница на КП 501/1 КО Тројкрсти, Општина Прилеп,
- на југ границата продолжува по јужната граница на 501/3, КП 597, КП 485, КП 483, КП 478, продолжува по источната граница на КП 594/1, продолжува по јужната граница на КП 591 КО Тројкрсти, Општина Прилеп
- на запад продолжува низ КП 592, КП 593 КО Тројкрсти, Општина Прилеп.

**Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 13,65 ха.**

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРОЈКРСТИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп